НУЦК “Марко Цепенков“ преку ликовната и галериска дејност има реализирано стотици изложби на еминентни имиња на македонскиот ликовен израз.

Соработката со Амбасадите во земјава и Меѓународните Културни Центри, овозможуваа присуство и на голем број странски автори. Ликовната галерија го афирмира ликовното творештво давајќи им шанса и на малдите ликовни автори.Се реализирале голем број ликовни колонии.

Во 90-те години “Брзото цртање“ како манифестација беше белег на Центарот за култура. Од 2008 г. се востанови Ликовната колонија “**Дрен 08**“ која се случува во конаците на манастирот “Св. Илија“ во село Дрен. За две лета оваа колонија си го најде местото на ликовната карта на Р.Македонија и влезе во календарот за финансирање на Министерството за култура.

Оваа година “Дрен 08“ пресраснува во интернационална колонија.